# У П А Т С Т В О
# ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ СО ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТ

Основна цел на Извештајот е на Министерството за економија да му овозможи прецизни и јасни информации во врска со сите релевантни аспекти на проектот за кој се бара надомест на трошоците согласно Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година. Затоа, при неговата изработка треба да ја следите предложената структура, да бидете максимално прецизни и егзактни во изложувањето на релевантните податоци (придржувајте се до насоките за должина на текстот) и истите да ги поткрепите со соодветни бројки, секаде каде што е тоа можно.

**Извештајот треба да биде потпишан од надлежно лице на деловниот субјект/подносител на барањето и заверен со печат.**

СТРУКТУРА НА ИЗВЕШТАЈОТ:

**1. Кус опис на проектот за кој се бара надомест на трошоците** (не повеќе од 80 збора).

Генерален опис на проектот. Истиот опис можете да го користите и при пополнувањето на образецот на барањето на надомест на трошоците.

**2. Детален опис на проектот** (не повеќе од 500 збора).

Во овој дел треба да се изложат подетални информации за потребата, важноста и реализацијата на проектот, како што се:

- Цели на проектот – општа и посебни
- Поединечните активности/фази реализирани во рамки на проектот
- Користена форма на соработка и методологија во имплементација на мерката
- Во случај на активности за јакнење на капацитетите/обуки, вид на обука и број на лица кои учествувале во проектот
- Во случај на дигитална трансформација, видот на софтвер и неговата улога во зголемување на конкурентноста
- Изведувач на проектот – индивидуален консултант или компанија која го реализирала проектот, потврдувајќи ја неговата компететнтност
- Директни резултати/аутпути од проектот (анализа, извештаи, стандарди и сл.)
- Период на реализација на проектот

- Во Прилог да се достави резиме на анализата/ стратегијата/проектот/извештаи/стандарди и сл.

**3. Колку се вкупните инвестиции на вашата компанија вложени за имплементација на овој проект?**

Овде не се мисли само на конкретната активност која е предмет на барањето за надомест на 50% од трошоците туку и на други поврзани трошоци/инвестиции направени заради постигнување на иста поширока цел (доколку постојат).

**4. Ефекти од имплементацијата на проектот** (не повеќе од 500 збора)

Изложете ги очекуваните ефекти од проектот во насока на подобрување на работењето на вашата компанија. Подобрувањата кусо да се опишат и секаде каде што е тоа можно да се поткрепат со мерливи/квантитативни индикатори за резултатите кои се постигнати или се очекуваат по имплементација на проектот, како на пример:

- Зголемување на продуктивноста и ефикасноста на процесот на производство, намалување на трошоците, подобро искористување на достапните ресурси, менување на бизнис процесите.
- Воведување нов производ или услуга, подобрување на карактеристиките или намалување на цената на чинење на постоен производ или услуга, воведување нови стандарди за квалитет.
- Подобрување на продажбата преку менување на моделот на продажба, подобра промоција и маркетинг, итн.
- Зголемување на резултатите во извозот – настап на нов пазар или квантитативно зголемување на извозот.
- Отворени нови работни места
- Анализа на ефикасноста и слично.

**Мониторинг**

Министерството за економија го задржува правото да побара дополнителни информации за реализацијата и ефикасноста на проектот, да ја посети вашата компанија и лично да се увери во наодите од извештајот.

Наведете контакт информации на лицето преку кое ваквата посета може да се организира.

**Извештајот е подготвен и одобрен од раководното лице.**

ЗА СЕКТОР ИНДУСТРИСКА, ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Овој прашалник е наменет за фирмите со цел да се подобри дијалогот и размената на информација меѓу Министерството за економија и бизнис секторот, за подобро согледување на состојбите и потребите на бизнисот.

Одговорите на Прашалникот се пожелни и иститe ќе се користат за спроведување анализа и евалуација на мерката за поддршка и зголемување на конкурентноста на македонската индустрија, исклучиво за потребите на Министерството за економија.

Ви благодариме за соработката!

**Прашалник:**

1. Дали прв пат аплицирате по Програмата/Програмите на Министерство за економија?

2. Ако сте аплицирале до сега по која програма?

3. Како се информиравте за програмата (од веб странатa, од јавни гласила, од коморите или други фирми, друго)?

4. Кој според вас е најдобриот начин да се информирате за постојните програми?

5. Дали Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност, е доволно јасна?

6. Дали “Барањето за субвенционирање“ е разбирливо и лесно за пополнување?

7. Дали „Упатството за изготвување извештај за реализиран проект” е доволно јасно и лесно за пополнување?

8. Што друго сметате дека треба да биде предмет на поддршка?

9. Дали сте член на стопанска комора или кластер?

10. Дали имате некои препораки како да се подобри информираноста на бизнис секторот за буџетските, донаторските и европските програми расположиви за поддршка на конкурентноста, развојот и иновативноста на бизнис секторот?

11. Колкав е бројот на вработени во вашата компанија (редовно и привремено)?

12. За која од предвидените активности имате аплицирано?

13. Дали сметате дека понудените активнисти кои се поддржуваат се соодветни за мерката?

14. Дали имате доставено до Министерството Извештај за реализација на проектот?

15. Дали сте посетени од страна на Министерството во врска со имплементација на проектот?

16. Дали имавте неуспешни апликации пред успешното одобрување на средствата?

17. Во изминатите 5 години колку пати ви се одобрени средства од Министерството за економија, по било кој основ?

18. Кои се директните придобивки кои ги остваривте со користењето на средствата од мерката?

19. Дали сметете дека мерката е соодветна на потребите на целната група?

20. Дали сметате дека одобрениот износ треба да биде еднаков за сите фирми?

21. Дали критериумите на мерката треба да ограничат учество на фирми?

22. Дали критериумите за избор на фирми за поддршка беа транспарентно објавени и јасни?

23. Дали одобрените средства ви помогнаа за остварување на целите на компанијата?